# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

30.09.2024 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.46 ГОД.29

ПРИМЕРОКОТ Е Б Е С П Л А Т Е Н

## С о д р ж и н а

1.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на административни службеници во општинската администрација Босилово за 2024 година и балансер.
2.Одлука за примање на користење на објектот-детска градинка „Прва радост“- објект „Малото славејче“ с.Моноспитово од ЈОУДГ„Прва радост“-Василево.
3.Програма за дополнување на Програмата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Босилово за 2024 година.
4.Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-викендица на к.п.бр.1238 во КО Робово.
5.Одлука за соработка помеѓу: општина Босилово,ЈПКД„Огражден“-Босилово и АД „Водостопанство“-Скопје за реализација на Акционен план за чистење на одводни канали на територијата на општина Босилово.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1889/1 за давање на СОГЛАСНОСТ на Измените и дополнувањата на Годишниот план за вработување на административни службеници во општинската администрација Босилово,донесена на четириесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.09.2024 година.

Бр.09-1894/1 Општина Босилово
30.09.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.09.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ на Измените и дополнувањата на Годишниот План за вработување на административни службеници во општинската администрација Босилово за 2024 година и балансер**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ на Измените и дополнувањата на Годишниот План за вработување на административни службеници во општинската администрација Босилово за 2024 година и балансер.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1889/1 Совет на општина Босилово
30.09.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1890/1 за примање на користење објект-детска градинака „Прва радост“-објект „Малото славејче“ –с.моноспитово од ЈОУДГ„Прва радост“-Василево,донесена на четириесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.09.2024 година.

Бр.09-1895/1 Општина Босилово
12.08.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 11 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30 .09.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За примање на користење објектот-детска градинка „Прва радост“-објект „Малото славејче“-с.Моноспитово од ЈОУДГ„Прва радост“-Василево**

Член 1

Се прима на користење објектот-детска градинка „Прва радост“-објект „Малото славејче“-с.Моноспитово од ЈОУДГ„Прва радост“-Василево.

На општина Босилово и се отстапува правото на користење на објектот на детската градинка во с.Моноспитово на к.п.б р.1201/1 во КО Моноспитово,запишана во Имотен лист бр.1730 за КО Моноспитово,означена како зграда бр.2,намена –згради во останато стопанство (Детска градинка) во површина од 120 м.кв.,со право на сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Објектот на детската градинка во с.Моноспитово,кој се прима на користење од ЈОУДГ„Прва Радост“-Василево,располага со капацитет за згрижување на 40 деца од предучилишна возраст кои се опфатени во три групи и располага со корисна површина од 159,45 м.кв.

Објектот располага со следните простории:

-влезен хол од 9,50 м.кв.

-занимални-три

1.занимална 1-24,00 м.кв.

2.Занимална 2 -22,00 м.кв.

3.Занимална 3- 45,00 м.кв.

-Санитарни простории –три:

1.санитарна просторија за деца – 8,00 м.кв.

2.Санитарна просторија за вработени -1,72 м.кв.

3.Перална -1,68 м.кв.

4.Кујна -10,72 м.кв.

5.трпезарија -31,60 м.кв. и

6.Дополнително изградена котлара предвидена со анекс – 5,25 м.кв.

Член 3

Прашањата поврзани со пренесувањето на вработените,недвижните ствари,опремата,инвертарот и другите средства за работа на објектот „Малото Славејче“-Моноспитово ќе бидат дополнително регулирани со Договор помеѓу градоначалникот на општина Босилово и градоначалникот на општина Василево.

Член 4

Недвижните ствари,опремата,инвертарот и другите средства за работа општина Босилово ќе ги презема со состојба од пописот извршен на денот на промопредавањето.

Член 5

Промопредавањето на објектот детално опишан во член 2 од оваа Одлука,недвижните ствари,опремата.инвертарот и другите средства за работа ќе се изврши од страна на Комисија за промопредавање формирана од Градоначалникот на општина Босилово,составена од еден претставник од општина Василево,еден претставник од општина Босилово и еден претставник од ЈОУДГ„Прва радост"-Василево.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово."

Бр.08-1890/1 Совет на општина Босилово
30.09.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово" бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата бр.08-1891/1 за доплнување на Програмата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици за 2024 година донесена на четириесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.09.2024 година.

Бр.09-1896/1 Општина Босилово
30.09.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 т. 6 од Законот за локална Смоуправа ( Сл. Весник на РМ бр. 5/02) и член 21 став 1 алинеја 12 од Статутот на општина Босилово ( „Сл. гласник на општина Босилово", бр.21/14), Советот на општина Босилово на седницата одржана на 30.09.2024 година да ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА**
**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА,РЕКОНСТРУКЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА 2024 ГОДИНА**

Советот на општина Босилово на својата 35-та седница одржана на ден 30.01.2024 година ја донесе Програмата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Босилово за 2024 година,со архивски број 08-201/1 („Службен гласник на општина Босилово",бр.35/2024).

Финансиската состојба на општина Босилово ја наложи потребата од реализација на дополнителни проекти во 2024 година и затоа предлагам оваа Програма да се дополни со изградба на уште неколку улици и проширување на локален пат и тоа:

**Изградба на улици**

1. Улица во с.Старо Балдовци на к.п.бр.530/2-175 метри во вредност од 1.456.562,00 ден.
2. Улица во с.Старо Балдовци, к.п бр.1266 -200 метри,во вредност од 1.660.260,00 ден.
3. Улица во с.Сарај, КП бр.893,- 70 метри,во вредност од 630.000,00 ден.
4. Улица во с.Босилово, КП бр.4171, во вредност од 520.159.34,00 ден.
5. Дел од улица во с.Петралинци,К.П..бр.1564, должина

80 метри во вредност од 1.076.134,00ден.

6. Улица во с.Робово, КП бр.593, должина 145 метри,во вредност од 1.635.356.00 ден.
7. Улица во с.Радово,к.п.бр.2061,должина од 170 метри,во вредност од 1.700.000,00 денари

**Вкупно за улици: 8.678.471,34 денари**

**-** Проширување на локален пат од с.Дрвош до спој со Регионалниот пат R 1302 Струмица-Берово ,во вредност **од 1.744.156,00 ден.**

**Или вкупно за реализација на оваа дополнителна Програма за изградба на локални патишта и улици во општина Босилово во календарската 2024 година се потребни вкупно 10.422.627,34 денари.**

Финансиските средства за реализација на оваа дополнителна Програма ке се обезбедат од ставките на Буџетот на општина Босилово за 2024 година.

Бр.08-1891/1 Совет на општина Босилово
30.09.2024 година Претседател
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1892/1 за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување нас бесправниот објект-викендица на к.п.бр.1238 во КО Робово донесена на четириесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.09.2024 година.

Бр.09-1897/1 Општина Босилово
30.09.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 4,став1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти )„Сл.весник на РМ“ бр.23/11 .....190/17) и член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација(„Службен весник на РМ“бр.56/11) и член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.09.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-станбен објект-викендица на к.п.1238 во КО Робово**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект-станбен објект-викендица на к.п.бр.1238 во КО

Робово на барателот на легализацијата лицето Мите Андонов од Струмица,ул.„Братство-Единство“ бр.51/11.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1892/1 Совет на општина Босилово
30.09.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-1893/1 за соработка помеѓу:општина Босилово,ЈПКД„Огражден“-Босилово и АД „Водостопанство“-Скопје за реализација на Акционен план за чистење на одводни канали на територијата на општина Босилово, донесена на четириесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 30.09.2024 година.

Бр.09-1898/1 Општина Босилово
30.09.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.09.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За соработка помеѓу:општина Босилово,ЈПКД„Огражден“-Босилово и АД „Водостопанство “-Скопје за реализација на Акционен план за чистење на одводни канали на територијата на општина Босилово**

Член 1

Да се воспостави соработка помеѓу:општина Босилово,ЈПКД„Огражден“-Босилово и АД „Водостопанство “-Скопје за реализација на Акционен план за чистење на одводни канали на територијата на општина Босилово.

Член 2

Уредувањето на меѓусебните права и обврски на субјектите во реализацијата на Акциониот план за чистење на одводни канали на територијата на општина Босилово ќе биде регулирано со Договор помеѓу:општина Босилово,ЈПКД„Огражден“-Босилово и АД „Водостопанство“-Скопје.

Член 3

Општина Босилово и ЈПКД„Огражден“-Босилово се обврзуваат да обезбедат дизел гориво во количина од 2.000 литри за реализација на активностите за чистење на одводните канали на територијата на општина Босилово согласно Акциониот план.

Член 4

АД „Водостопанство“-Скопје преку подружницата „Струмичко поле“-Струмица се обврзува да обезбеди работни машини

и работници за извршување на работните активности на терен за чистење на одводните канали спрема напред утврдена динамика во Акциониот план.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1893/1 Совет на општина Босилово
30.09.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

.